**20200971429**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 април 2020 година, донесе

## УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/09, 53/11, 41/15, 53/16 и 83/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За доставување на извештајот за реализираната програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година, како и извештај за работата на Советот за 2019 година и извештај на Одборот за надзор на материјално-финансиска контрола за 2019 година, важноста на сертификатите за акредитација, постапките за акредитација, ре-акредитација и надзорот за исполнување на барањата за акредитција над телата за оцена на сообразност, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите за доставување на извештајот за реализираната програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година, како и извештајот за работата на Советот за 2019 година и извештајот на Одборот за надзор на материјално-финансиска контрола за 2019 година, се одложуваат за време на траење на вонредната состојба.

Член 3

Важноста на сертификатите за акредитација чиј рок е истечен или ќе истече за време на траење на вонредната состојба и на сертификатите за акредитација чиј рок ќе истече во период од четири месеци по престанокот на траење на вонредната состојба, се продолжува до завршување на постапката за ре-акредитација од првото наредно оценување.

Тела за оцена на сообразност чиј сертификат за акредитација истекол или ќе истече за време на траење на вонредната состојба се должни да иницираат постапка за ре-акредитација во рок од 30 дена по престанок на траење на вонредната состојба.

Член 4

Надзорите над исполнување на барањата за акредитација и постапките за ре-акредитација кои требало или треба да се реализираат за време на траење на вонредната состојба се одложуваат за време на траење на вонредната состојба и ќе се реализираат по престанок на траење на вонредната состојба.

Член 5

За време на траење на вонредната состојба може да се завршат постапките за акредитација, ре-акредитација и надзорните оценувања чии оценувања се реализирани и со оцена на потребните документи.

Член 6

Телата за оцена на сообразност за време на траење на вонредната состојба можат да доставaт барање и пријава за акредитација и други документи во врска со постапките за акредитација по електронски пат.

Член 7

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2959/1
9 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.